NEWS
JULY 13, 2012

# ВО ОХРИД ОТВОРЕНА УШТЕ ЕДНА БЕНЗИНСКА НА ЛУКОИЛ

И овој објект, како и сите други на ЛУКОИЛ, има најсовремена опрема техничко-технолошка опрема за точење на гориво и истовремено за заштита на животната средина.

Бензинската има маркет со површина од 147 m2, мини бар, а купувачите можат да се снабдат со ЕКТО горивата, обичен дизел и ТНГ.

Генералниот директор Андреј Куку, по овој повод, изјави дека високиот квалитет на услуга и на горивата ЕКТО, кои во моментов се најефикасни на македонскиот пазар, за граѓаните ќе бидат уште подостапни, со оглед на екот на туристичката сезона.

Тој изрази благодарност до локалните и државните власти за помошта во реализацијата на уште еден проект на ЛУКОИЛ Македонија.

Со тоа продолжува планот на претпријатието до крајот на годинава да се отворат над 20 бензински станици во земјава, со што развојот оди во нагорна линија.